CEA
Center for Economic Analisys

Center for Economic Analyses
PR cell phone: +389 (0)70 584-104
Email: vesna_nl@yahoo.com
www.cea.org.mk
www.lsg-data.org.mk

*Центарот за економски анализи (ЦЕА) е истражувачки центар (тинк тенк) на економисти кои ја делат заедничката визија за Република Македонија како растечка европска економија интегрирана во регионалниот и светскиот пазар.*

*Мисијата на ЦЕА е континуирано да врши истражувања на економскиот развој и економската политика на Република Македонија и врз основа на тоа да понуди препораки, предлози и мерки.*

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

## ЦЕА ќе употребува макроекономски модел за тестирање на владините политики и понудените алтернативи

Креирањето на економските политики во Владата на Република Македонија обично е затворен процес, кој опфаќа разгледување на мал број алтернативи (сценарија), главно поради недоволниот аналитички капацитет на администрацијата. Владеачката ВМРО-ДПМНЕ за прв пат по осамостојувањето на РМ излезе со широка изборна платформа, во која предложи пакет на економски мерки придружени со прецизни бројки, но и финансиски проценки за повеќето реформските чекори. Тоа овозможува истите да бидат предмет на тестирање во конзистентна макроекономска рамка, која ќе произведе проекции на ефектите од примената на овие економски мерки врз клучните економски варијабли: економскиот раст, буџетскиот дефицит, инфлацијата, вработеноста, невработеноста, девизните резерви и слично.

За волја на вистината, и опозиционите партии не ретко излегуваат со критики за одредени владини мерки и интересни иницијативи, но недостасуваат мерки, кои би можеле нумерички да се изразат за да се изврши споредба на ефектите од различните ставови. Исто така, колумнисти, институции и здруженија обелоденуваат квалитетни предлози за менување на курсот на тековната економска политика, но за жал, без квантитативна анализа на обемот на потребните промени и импликациите од предложените мерки.

Мисијата на ЦЕА е токму да го пополни ваквиот вакуум во дискусијата за макроекономските предизвици на македонската економија и да обезбеди платформа за споредба на различните иницијативи. Во август 2007 година претставници на Центарот за економски анализи (ЦЕА) во соработка со холандски експерти успеаја да подготват оперативна верзија на макроекономски модел за македонската економија (по примерот на моделот за финансиско програмирање, кој го користи ММФ). Основната намера на

ЦЕА е преку постојано усовршување и ажурирање на CEA-Macro моделот, да ги употреби неговите потенцијали за подобрување на квалитетот и дисциплината на јавната дебата за макроекономските теми. Преку моделот, ЦЕА ќе ја оценува конзистентноста на економските иницијативи на политичките партии, како и цената која мора да се плати за нивната примена.

Многу наскоро, ЦЕА ќе ја прошири соработката со печатените медиуми, преку кои ќе пласира серија на резултати и симулации со примена на CEA-Macro моделот. Колку за илустрација, моделот овозможува проценка на макроекономските ефекти од снижувањето на рамниот данок од 12% на 10%, покачувањето на платите во јавната администрација, зголемувањето на инвестициите на владиниот сектор и сл. Целосниот извештај за моделот, описот на неговите градбени блокови и можности може да се најдат на интернет страницата: www.cea.org.mk.